# АНТИКОРОЗИН-Е

*Двокомпонентен антикорозивен премаз на епоксидна основа за заштита на метални површини*

## Област на примена:

За корозивна заштита на метални површини изложени на хемиска агресија: цистерни, цевководи, конструкции во хемиски фабрики и сл.

## Својства:

- Двокомпонентна пастозна смеса со сива или црвена боја;
- Висока хемиска отпорност;
- Отпорен на мраз и на агресии од други атмосферски влијанија;
- Еластичен е и отпорен на абење;
- Бактериолошки отпорен;
- Одлична атхезија;
- Лесен за одржување;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Однос на мешање: | А:Б=5:0,7 |
| Минимална температура на врзување: | > 8ºC |
| Време на обработливост: | |
| 10°C | 120 мин. |
| 20°C | 90 мин. |
| 30°C | 45 мин. |
| Нанесување на следен нанос при 23°C: | 12 часа |
| Целосно зацврснат при 23°C: | 3 дена |
| Јакост на свиткување: | 30±3 МПа |
| Јакост на притисок: | >50 МПа |
| Атхезиона јакост: | 5±1 МПа |
| Температурна стабилност: | - 20 C° до 70°C |

## Подготовка на подлогата:

Подлогата треба да е испескарена до степен на чистота SA 2½ и да обезбеди рапавост на подлогата од 50-75 µ. Нанесувањето на Антикорозин-Е треба да се изврши што е можно побрзо, пред површината да почне повторно да кородира.

## Вградување:

Антикорозин-Е за нанесување се приготвува со бавно мешање на А и Б компонентата (до потполна хомогенизација). Мешањето се врши машински, со бавен мешач или рачно.
Вградувањето на готовиот материјал се врши во два слоја, со четка, валјак или машински, под притисок, со помош на “airless” распрскувачи, каде што отворот на излезната дизна треба да биде со пречник 1,5-2,0 мм со притисок од 5-7 бари. Овие податоци може да варираат во зависност од видот на распрскувачот. Доколку распрскувањето е отежнато поради температурните услови, на готовата смеса треба да се додаде најмногу до 5,0% Растворувач-П.

## Потрошувачка:

За два слоја 0,45 до 0,50 кг/м²

ЗАШТИТНИ ПРЕМАЗИ

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со Растворувач-П, веднаш по употребата.

## Пакување:

Во сет од 5,7 кг.
А компонента: 5,00 кг.
Б компонента: 0,70 кг.

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 5°C до 30°C, заштитен од директно изложување на сонце.
Рок на употреба 12 месеци.

Опасност по здравјето:
Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување при мешање на А и Б компонентата. При инцидентен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со сува крпа или благо наквасена со Растворувач-П, а потоа местото добро да се измие со чиста вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со чиста вода и да се побара медицинска помош.
Потребно е да се обезбеди проветрување на просториите каде што се работи со смоли и растворувачи.
Пожар:Антикорозин-Е и Растворувач-П содржат запаливи растворувачи. Не треба да се користат блcку до отворен оган или да се пуши за време на вградувањето.
Чистење и депонирање:
Неврзани остатоци од Антикорозин-Е се чистат со Растворувач-П. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.

ADING
Новоселски пат бб,
1000 Скопје, Р.Македонија,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840,
2034 822, Факс: 2034 821

ading@mt.net.mk,
www.ading.com.mk

**Србија**
*АДИНГ*
*Белград*
*Тел: 381 11 2279 338*

**Бугарија**
*АДИНГ-Бугарија*
*Софија*
*Тел: 359 2 9555388*

**Русија**
*Вегамаркет плус*
*Москва*
*Тел: 7 495 3716436*

**Казахстан**
*ТОО Алфар*
*Алма Ата*
*Тел: 732 72 40 1688*

**Унгарија**
*АДИНГ Х Кфт.*
*Будимпешта*
*Тел: 36 29 367 457*

**Грција**
*АДИНГ-Хелас*
*Солун*
*Тел: 30 23 10569130*

**Хрватска**
*АДИНГ-ХР*
*Сплит*
*Тел: 385 98 9833 020*

**Романија**
*КРАЛЕКС*
*Букурешт*
*Тел: 40 21 3509018*

**Украина**
*Солис Компани*
*Киев*
*Тел: 380 44 4070963*

**БиХ**
*ПРОХЕМА*
*Брчко*
*Тел: 387 49 240400*

**Црна Гора**
*Ѓуришиќ и Кум*
*Бар*
*Тел: 382 85 341699*

*Изолими*
*Приштина*
*Тел: 381 38 563280*